КОМОРА НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ
НА МАКЕДОНИЈА

До: Министерство за финансии на Република Македонија
Ул. Даме Груев бр 12
1000 Скопје, Република Македонија

СТОПАНСКА КОМОРА
„СМЕТКОВОДСТВЕНА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА"
Бр. 03-152/18
04.10 2018 год.
Скопје

За: г. Д-р Драган Тевдовски, министер

Копија до: г. Зоран Заев, Претседател на Влада на Република Македонија

Предмет: Целосно повлекување на новиот предлог Закон за вршење на сметководстени работи

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
СКОПЈЕ

| Примено: 04-10-2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| | | | |

Почитуван г. Тевдовски,

Би сакале да Ве информирмираме дека Комората на Сметководители на Македонија одржа седница на Управен одобор на 27.09.2018 год. на која покрај членови, присуствуваа и компании кои вршат дејност сметководство. Тема на состанокот беше актуелниот драфт нов Предлог- закон за вршење на сметководствени работи, кој според дискутираното на седницата е подготвен на нетранспарентен начин односно без претходна консултација на засегнатите страни и стручната јавност како и компаниите вршители на дејност. Согласно меѓународната пракса, неопходна е вклученост на сите РЕЛЕВАНТНИ засегнати страни во процесите на креирање нова или при измена на регулатива како и образложение врз основа на што институциите ги подготвуваат предложените измени.

На состанокот беше констатирано дека наместо да се прават неиздржани измени, потребно е да се направи измена во Законот за вршење на сметководствени работи и сродните закони како би се оневозможило завршна сметка да поднесува и потпишува било кое друго лице освен овластен сметководител, сегмент кој воопшто не е опфатен во овој предлог Закон. Понатаму, секоја страна во Законот која има права треба да има и обврски кои треба да се почитуваат, поточно казнените одредби, освен за Институтит на сметководители и овластени сметководители (ИСОС), сметководителите да важат и за одговорните лица во Министерството за финансии на Република Македонија доколку не ги исполнуваат своите обврски согласно Законот. Дополнително на сметководителите кои работат нерегистрирано и претставуваат нелојална конкуренција на регистираните да им се изречат соодветни санкции. Одредбите за влезен испит треба во целост да се елиминираат, бидејќи на оваа тема беше дебатирано цела година пред носењето на постоечкиот.

Закон и токму затоа има услови за искуство за стекнување уверение за сметководител и овластен сметководител. Недозволено е било кој, а особено стручни лица со над 10 години работа да полагаат влезен испит, а притоа не се знае ни кој одредил и врз основа на чија анализа и насоки се воведува испитот, беше констатирано на седницата.

Комората на Сметководители бара ЦЕЛОСНО ПОВЛЕКУВАЊЕ на новиот предлог Закон за вршење сметководствени работи, предлага да се да се формираат работни групи од релевантните организации на сметководителите и друштвата кои вршат сметководствена дејност кои се директно засегнати со овој Закон и негови предложени измени.

За сите дополнителни информации, Ве молиме Вашите стручни служби да не контактираат на тел 02 3091 440 или на е-маил: smetkovodstvena@sojuzkomori.org.mk

Со почит,

Драган Митковски, претседател
Сметководствена комора на Македонија